Бр./Nr 12-3598/2 (2021)
17-01-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 59-тата седница одржана на 14.01.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката пред ДКСК по предметот број 12-3598/1 од 27.09.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Се поднесува Иницијатива до директорот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ), за поведување постапка за утврдување на одговорност за службеното лице ///, вработен во /// на АПРЗ, поради сомневање за сторен дисциплински престап од член 73 став (3) од Законот за административните службеници, согласно член 17 став 1 точка 4 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси.

Предметот со број 12-3598/1 од 27.09.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 27.09.2021 година, поднесена е пријава за службеното лице ///, вработен во /// на АПРЗ, и оформен е предмет број 12-3598/1 од 27.09.2021 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за корупција, судир на интереси и искористување на службената положба од страна на пријавеното лице заради вршење на влијание врз земјоделците. Истата упатува на тоа дека службеното лице сторило повреда на повеќе одредби од Законот за спречување на корупцијата, првенствено на член 62 од истиот закон, според кој „службено лице не смее да ја користи својата положба вршејќи влијание врз друго лице во државен орган, јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице, за тоа да донесе или не донесе определена одлука, да стори нешто, да пропушти или да трпи, заради остварување корист" .

Во пријавата е изнесено дека од страна на пријавеното службено лице – /// на /// на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството на Република Северна Македонија, на ден /// година од личниот профил на пријавеното лице на социјалната мрежа Фејсбук била споделена објава со содржана фотографија и придружен текст со кои била изразена поддршка за ///, тогаш актуелен кандидат за градоначалник на Општина /// на ///, како и поддршка за политичката партија ///.

Според изнесеното во пријавата, во посочената објава пријавеното лице споменало лична заслуга за успех на голем број на успешни апликации за поддршка на земјоделците,

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

повикало на гласање по лично убедување и истакнало дека лично подготвило поголем број на апликации за закуп на земјоделско земјиште на тендерот што завршил истиот ден.

Според подносителот на пријавата, објавата со погоре опишаната содржина упатува на корупција, судир на интереси и искористување на службената положба од страна на пријавеното лице и повреда на посочените законски одредби.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК изврши увид во содржината на јавната објава посочена во пријавата, при што ја утврди следната фактичка состојба:

На ден /// година од личниот профил на /// на социјалната мрежа Фејсбук е споделена објава со фотографија и придружен текст кои соодветствуваат на описот наведен во пријавата.

Со оглед на тоа што посочената објава не упатува на вршење на влијание, а воедно земајќи ги предвид законските надлежности, обврски и задачи на АПРЗ, ДКСК не констатира повреда на членот 62 од Законот за спречување на корупцијата ниту на други одредби од истиот закон. Од утврдената фактичка состојба, произлегува дека наводите од пријавата не се потврдуваат.

Сепак, имајќи предвид дека пријавениот /// е службено лице со статус на административен службеник, постои сомневање за сторен дисциплински престап од член 73 став (3) од Законот за административните службеници, и за истото, земајќи ги предвид надлежностите на директорот на АПРЗ пропишани со Законот за основање на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ), ДКСК одлучи до директорот на АПРЗ да покрене Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност за службеното лице ///, вработено во /// на АПРЗ, а постапката што се води пред ДКСК да се запре.

Изработил: А.Р.М.
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик-претседател**
**Горан Трпеноски**